32	А1 домување во станбени куќи	60	216	17976 м2	6426 м2	36%	19475 м2	1,08	120
33	А1 домување во станбени куќи	50	180	19533 м2	5971 м2	31%	17912 м2	0,92	92
34	А1 домување во станбени куќи	35	126	14167 м2	3883 м2	27%	11649 м2	0,82	89
Вкупно		**1533**	**5519**	**424351 м2**	**140979 м2**	**33%**	**340305 м2**	**0,80**	**130**

А-ДОМУВАЊЕ					
класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност
А1 домување во станбени куќи	423953 м2	140979 м2	33%	340305 м2	0,80
А2 домување во станбени згради	398 м2	246 м2	62%	984 м2	2,48
Вкупно	424351 м2	141225 м2	33%	341289 м2	0,80

3. В - *Јавни институции*..... 1.24 ха

Во рамките на планскиот опфат–1,52 % од просторот е ангажиран со основни класи на намена:

- **В1– Образование и наука**

Образование и наука е ангажирано 0.32 % од просторот во однос на планскиот опфат.

Покрај основната класа на намена В1– Образование и наука предвидена е и компатабилна класа на намена на основната класа на намена а тоа е:

- Д3-Спорт и рекреација. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 20%..

Во блок 10, дефинирана е градежна парцела 5.10.1 со основна класа на намена В1-образование и наука. На парцелата има постојно основно училиште “Раде Михајлов Кратовче”, а со оглед на развојот на оваа четврт се појавува потреба за зголемување на капацитетот на истото, па според тоа се предвидува нова површина за градба. Вкупна површина на градежната парцела изнесува 2573м², вкупна површина за градба од 1800м², вкупна површина по катови од 5400м², мах.височина на градба од 12,0 м и број на катови П+2. Во рамките на училишниот двор се планира да се уредат спортските терени со игралишта за кошарка, одбојка, ракомет и др. Спортските терени се предвидени да имаат двојна функција: во образовниот процес на учениците.

- Процент на озеленетост во рамки на градежна парцела изнесува минимум 30%.

Во рамките на парцелата ГП 5.10.1 со намена Образование и наука /Основно училиште/ може да се планираат еден или повеке објекти според потребите и организацијата. Површината за градба е апроксимативна и за истата да се изработи архитектонско урбанистички проект, доколку се планираат повеке објекти во една градежна парцела, согласно предходно дефинирана проектна програма.

- **В2– Здравство и социјална заштита**

За Здравство и социјална заштита е ангажирано 0.58 % од просторот во однос на планскиот опфат.

Покрај основната класа на намена – В2– Здравство и социјална заштита предвидена е и компатабилна класа на намена на основната класа на намена а тоа е:

- Б1-Мали комерцијални и деловни намени. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.

- Б4-Деловни простори. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.
- Б5-Хотелски комплекси. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.
- Д3-Спорт и рекреација. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

Во блок 5.16 на градежна парцела 5.16.33 и блок 5.33 на градежна парцела 5.33.8 се планираат објекти-детски градинки. Вкупна површина на градежната парцела ГП 5.16.33 изнесува 3130 м2, вкупна површина за градба од 802 м2, вкупна површина по катови од 1604м2, мах.височина на градба од 9,0 м и број на катови П+1. Вкупна површина на градежната парцела ГП 5.33.8 изнесува 1594 м2, вкупна површина за градба од 1105 м2, вкупна површина по катови од 2209м2, мах.височина на градба од 9,0 м и број на катови П+1.

- **В3- Култура, ,** ангажира 0,01% од вкупната површина на планскиот опфат

Компатабилни класи на намени: не се предвидува

Во блок 5.11, на градежна парцела 5.11.70 егзистира објект-саат кула. Вкупна површина на градежната парцела изнесува 42 м2, вкупна површина за градба од 42 м2, вкупна површина по катови од 126м2, мах.височина на градба - постојна и број на катови П+2.

Во рамките на планскиот опфат–0,30 % од просторот е ангажиран со основна класа на намена:

- **В4– Државни институции** (органи на локална самоуправа)

Покрај основната класа на намена В4– Државни институции (органи на локална самоуправа) предвидена е и компатабилна класа на намена на основната класа на намена а тоа е:

- Б1-Мали комерцијални и деловни намени. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 49%.
- Б2-Големи трговски единици. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 49%.
- Б3-Големи угостителски единици. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 49%.
- Б4-Деловни простори. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 49%.
- В3-Култура. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 49%.

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 49%.

Во блок 5.10, на градежна парцела 5.10.22 егзистира објект-општинска зграда, односно намена- органи на локална самоуправа. Вкупна површина на градежната парцела изнесува 191 м2, вкупна површина за градба од 125м2,

вкупна површина по катови од 374м2, мах.височина на градба од 10,20 м и број на катови П+2.

- **В5-верски институции ,** ангажира 0,32% од вкупната површина на планскиот опфат
- Компатабилни класи на намени: не се предвидува

Во блок 5.22, на градежна парцела 5.22.9 се планира објект-црква. Вкупна површина на градежната парцела изнесува 25700 м2, вкупна површина за градба од 925 м2, вкупна површина по катови од 925м2.

В-ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ					
основна класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност
	м2	м2	%	м2	к
В1 образование и наука	2573 м2	1800 м2	70%	5400 м2	2,10
В2 здравство и социјална заштита	4724 м2	1907 м2	40%	3813 м2	0,81
В3 култура	42 м2	42 м2	100%	126 м2	3,00
В4 државни институции/локална самоуправа/	2468 м2	988 м2	40%	3950 м2	1,60
В5 верски институции/црква/	2570 м2	925 м2	36%	925 м2	0,36
Вкупно	12377 м2	5661 м2	46%	14214 м2	1,15

4. Г- Прозиводство, дистрибуција и сервиси..... 1,01 ха

Во рамките на планскиот опфат–1,25 % од просторот е ангажиран со основна класа на намена:

- **Г2-лесна и незагадувачка индустрија**

  Покрај основната класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија предвидена е и компатабилна класа на намена на основната класа на намена а тоа е:
- Б2-големи трговски единици. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- Б4-деловни простори. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%.
- Д2-заштитно зеленило. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- Д3-спорт и рекреација. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- Г3-сервиси. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.

- Г4-стоваришта. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- Е2 - комунална супраструктура. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.

Максимален дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намена во однос на основната класа на намена изнесува 49%.

Во блок 5.14, на градежна парцела 5.14.3 егзистира објект-лесна и незагадувачка индустрија. Вкупна површина на градежната парцела изнесува 10134 м2, вкупна површина за градба од 3300 м2, вкупна површина по катови од 5000м2 и мах.височина на градба од 12,00 м.

Во рамките на парцелата може да се планираат еден или повеќе објекти според потребите, технологијата и организацијата на работа. Површините за градби се апроксимативни и за истите да се изработи архитектонско урбанистички проект, доколку се планираат повеќе објекти во една градежна парцела, согласно предходно дефинирана проектна програма. Диспозицијата на објектите и уредувањето на урбанистичките парцели се решава со изготвување на архитектонско урбанистички проект по претходно изготвена проектна програма.

Се предвидува можност, поставување и на фотоволтаични централи за производство на електрична енергија, со оглед на добрата поставеност на планскиот опфат на сончева страна во однос на градот Кочани. Местоположбата и површината ќе се дефинира со изработка на архитектонско-урбанистички проект.

Се предвидува можност и за поставување на сопствени трансформаторски станици во согласност на потребите на корисниците.

Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ					
основна класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност
	м2	м2	%	м2	к
Г2 лесна и незагадувачка индустрија	10134 м2	3300 м2	33%	5000 м2	0,49

5. Д- ***Зеленило и рекреација*****..... 17.43 ха**

Во рамките на планскиот опфат–21,44 % од просторот е е ангажиран за Зеленило и рекреација со основни класи на намена:

- **Д1– Парковско зеленило**–2,58 % од просторот е ангажиран во рамките на планскиот опфат

Компатабилни класи на намени: не се предвидува

Озеленување на просторот наменето за организирано зеленило е предвидено да биде со избор на вегетација според претходно изготвен проект и хортикултурно решение.

- **Д2– Заштитно зеленило**–17,04 % од просторот е ангажиран во рамките на планскиот опфат

Компатабилни класи на намени: не се предвидува

Заштитното зеленило има намена за заштита на животна средина, подобрување на микро-климатките услови и оплеменување и збогатување на непосредната околина што се одразува и на целокупниот амбиент во

локалитетот. Просторот предвиден за заштитно зеленило претставува тампон зона меѓу различни намени.

- **Д3– Спорт и рекреација**–1,81 % од просторот е ангажиран во рамките на планскиот опфат

Покрај основната класа на намена Д3-спорт и рекреација, предвидена е и компатабилна класа на намена на основната класа на намена а тоа се:

- А4-Времено сместување. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.
- Б1-Мали комерцијални и деловни намени. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%.
- Б2-Големи трговски единици. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- Б3-Големи угостителски единици. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%.
- Б4-Деловни простори. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%.
- Б5-Хотелски комплекси. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.
- Б6-Градби за собири. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- В3-Култура. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.
- Д1-Парковско зеленило. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

Озеленување на просторот во останатите парцели, наменети за организирано зеленило е предвидено да биде со избор на вегетација според претходно изготвен проект и хортикултурно решение.

Покрај споменатите , во рамките на Локалитетот , застапени се следните зелени површини:

-зеленило во парцели наменети за домување;

-зеленило во парцели наменети за јавни објекти;

Во парцелите наменети за јавни објекти, слободните површини околу истите соодветно партерно и хортикултурно да се уредат.

Д-ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА					
основна класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност
	м2	м2	%	м2	к
Д1 парковско зеленило	20988 м2	/	/	/	/
Д2 заштитно зеленило	138580 м2				
Д3 спорт и рекреација	14741 м2	9851 м2	67%	14810 м2	1,00
Вкупно	174309 м2	9851 м2	6%	14810 м2	0,08

6. Е- ***Инфраструктура*****..... 0,28 ха**

Во рамките на планскиот опфат–0,34 % од просторот е ангажиран за основна класа на намена Е2-комунална супраструктура /ТС/ .

Во планскиот опфат, евидентирани се четири (4) постојни трафостаници 10/0,4 кВ во сопствени парцели.

Е-ИНФРАСТРУКТУРА					
основна класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност
Е2 комунална супраструктура/ТС/	2750 м2	612 м2	22%	612 м2	0,22

4.1.4. Сообраќајна и комунална инфраструктура

4.1.4.1. Сообраќаен план

Планираната улична мрежа за локалитетот е поставена врз основа на решенијата од Генералниот урбанистички план за Град Кочани 2013 – 2023 од 2016 година, постојната состојба на уличната мрежа која моментално го опслужува сообраќајот како и претпоставените токови на движење на моторниот и пешачкиот сообраќај а според урбанистички поставената организација на просторот со намена на површини и функции кои ќе егзистираат во истиот за предвидениот плански период.

Како основа на поставката на уличната мрежа се планираните улици со ГУП за Град Кочани 2013 – 2023 од примарната сообраќајна мрежа.
Со ГУП за Град Кочани 2013 – 2023 планирани се следниве сообраќајници:

А. Сервисни улици:

Профил 1-1

Улица “Цветан Димов”, “Љупчо Сантов” :

- пешачка патека-тротоар.....1.50 м’
- коловоз..... 6,00 м’
- пешачка патека-тротоар..... 9.00 м’

Вкупно: 9.00м’

Корито на река Кочанска:

- корито.....6.50-4.0 м'
- водена површина..... 5,00 м'
- корито.....6.50-8.0 м'

Вкупно: 18.0-20.00м'

Истите се доследно преземени и вклопени во сообраќајното решение.

Како би се обезбедил сообраќаен пристап до секоја планирана градежна парцела, со овој детален урбанистички план планирана е разгранета мрежа на станбени, пристапни и пешачки улици во внатрешноста на опфатот, со кои се обезбедува сообраќаен пристап до сите планирани градежни парцели.

При тоа, користени се следниве профили:

Б. Станбени улици:

Профил 2-2

Улица "535", Улица "536", Улица "1", Улица "2", Улица "5", Улица "7", Улица "Стамен Манов", Улица "Раде Кратовче", Улица "Коста Рацин", Улица "Боро Ловџија":

- пешачка патека-тротоар..... 1.50
- коловоз.....5.50
- пешачка патека-тротоар.....1.50

Вкупно: 8.50м'

В. Пристапни улици:

Профил 3-3

Улица "Крак 2-исток", Улица "Крак 1-исток",. Улица "Питу Гули",. Улица "Боро Ловџија",. Улица "Ударничка",. Улица "Крушевска",. Улица "Коста Рацина",. Улица "Гроздан Трифунов",. Улица "Стив Наумов", Улица "Шукри Шеин", Улица "Партизанска",. Улица "Славцо Стојменов", "ПР2", "ПР6", "ПР12", "ПР18", "ПР23",."ПР30", "ПР31", "ПР32", "ПР33", "ПР35", "ПР36", "ПР39", "ПР48", "ПР49", "ПР50","ПР51",. "ПР52", "ПР53", "ПР54", "ПР55", "ПР56", "ПР57", "ПР58" .....5.50 м'

"ПР1",."ПР3", "ПР4", "ПР5", "ПР7", "ПР8", "ПР9", "ПР10", "ПР13", "ПР14", "ПР15","ПР16",. "ПР17", "ПР21", "ПР22", "ПР29", "ПР35", "ПР37", "ПР38", "ПР46", "ПР47" .....3,6-6,1м'

Улица "Партизанска" Улица "Крушевска", "ПР11",."ПР19", "ПР20", "ПР24", "ПР25", "ПР26", "ПР27", "ПР28", "ПР40", "ПР41", "ПР42","ПР43",. "ПР44", "ПР45",.....3.50м'

Планирани се и повеќе пешачки улици и пешачки патеки.

Д. Пешачки патеки:

18. Пешачки патеки.....1,50-5.00 м'

Радиусите и кривините на уличната мрежа се планирани адекватно со сообраќајните прописи и се стандардни. Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална така и хоризонтална, треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Паркирањето на моторните возила за најголемиот број на градежни парцели е предвидено во рамките на сопствените градежни парцели, со димензионирање на потребниот број на паркинг места во согласност со одредбите на член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Сепак, постојат одреден број

на градежни парцели со намена А1 – Домување во станбени куќи, до кои поради висинските разлики на теренот паркирањето во сопствената градежна парцела е отежнато и нерационално. Оттаму, на погодни места во близина на овие градежни парцели планирани се јавни паркинзи. За овие градежни парцели, потребите за паркирање може да се задоволат на овие јавни паркинзи, по претходна согласност од Општина Кочани.

За сите останати градежни парцели, обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 81,32ha од која 17,58ha е под сообраќајни површини, што претставува 21,62%.

Нивелациски план

Со изработка на **Детален урбанистички план за Градска Четврт 5 од ГУП Кочани, Општина Кочани** пристапено е кон изработка на нивелманското решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивеламанското решение е изработка на вертикално решение на планираната улична мрежа.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е зададената нивелација со ГУП на Град Кочани 2013 – 2023, како и постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

Подолжните падови се движат во границите на дозволените, со најмал подолжен наклон од 0,30% и најголем од 12,00%.

4.1.6.2. Хидротехничка инфраструктура

Основните решенија за водовод, фекална и атмосферска канализација за **Деталниот урбанистички план Градска четврт 5 од ГУП за Град Кочани, Општина Кочани** се изработени на основа следните подлоги и податоци:

- плански решенија во плановите од повисоко ниво,
- постојната хидротехничка инфраструктура во локалитетот согласно податоците обезбедени од јавното комунално претпријатие,
- насоки добиени од техничка служба при ЈКП Кочани, по однос концептот на решавање на проекција на хидротехничката инфраструктура,
- нивелациското решение на улиците во границите на планскиот опфат и
- технички прописи и нормативи за овој вид на инсталации.

Со деталниот урбанистички план генерално се задржуваат постојните хидротехнички водови, со парцијално планирани надградби на профилите, а воедон планрана е разгранета мрежа на водовод, фекална канализација и атмосферска канализација, со која се задоволуваат потребите за водоснабдување и одвод на отпадни води во локалитетот.

Према Деталното урбанистичко решение, просторот во најголем процент е предвиден со класи на намени – домување во станбени куќи.

Површина на планскиот опфат изнесува 81,32ха. Вкупно број на жители за планскиот период 2018-2023год. изнесува Nk = 4070 корисници.

Водоснабдување

Водоснабдувањето на постојните и новопланираните објекти во локалитетот ќе се врши преку постојната водоводна мрежа, која преставува дел од Градскиот водоводен систем.

Водоводна мрежа во локалитетот е кружна (циркулациона). Истата придонесува за зголемување на сигурноста во снабдувањето со вода како и зголемувањето на пропусната моќ на истата (водата во секоја точка доаѓа од два правци).

Мрежата располага со доволен број на затварачи со кои се врши изолација на поедини делници при евентуален дефект на мрежата.

Потребна количина на вода на ниво на **Детален урбанистички план за Градска Четврт 5 од ГУП Кочани, Општина Кочани**

$$Q\max/\ h = \frac{Nk \times Q \times a_1 \times a_2}{86400}$$ каде што е

Nk - број на жители, посетители – 4070жители
Q - водоснабдителна норма Q = 400 l/ден/жит.
a_1 = коефициент на дневна нерамномерност a_1 = 1,5
a_2= коефициент на часова нерамномерност. a_2 = 1,3
Средно дневна потрошувачка

$Q_{sr/den}$ = Nк x Q = 4070 x 400/1000 = 1628,0 м3/den.

$q_{sr/den}$ = $\frac{Q\ sr/den}{86\,400} = \frac{1628}{86\,400} =$ 18,84 л/sek.

Максимална дневна потрошувачка

$Q_{mah/den}$ = $Q_{sr/den}$ x a_1 = 18,84 x 1,50 = 28,26 л/sek.

Максимална часова потрошувачка

$Q_{mah/час}$ = $Q_{mah/den}$ x a_2 = 28,26 x 1,30 = 36,74 л/sek.

Количество на вода за против пожарна заштита

Према важечките технички прописи за заштита на населението и објектите од пожар, предвидено е да во случај на пожар се јави истовремено еден пожар со количествона вода од 10 л/сек., што важи за населени места до 5 000 жители, без оглед на отпорноста на објектите према пожар:

$$Q_{poz} = q_{poz} \cdot n_1 \cdot \frac{t}{24}$$

q_{poz} = 10 л/сек

n_1 - број на пожари кои можат да се појават истовремено
t – времетраење на пожар

Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира преку постојната и планираната дистрибутивна водоводна мрежа, која ќе се состои од профили со различни димензии, потточно прикажани во графичките прилози.

Фекална канализација

Одведувањето на фекалните и отпадните води од постојните и планираните објекти во локалитетот ќе се врши преку постојната и планирана фекална канализација.

Постојната фекална канализација со своите траси се вклопува во новото детално урбанистичко решение и понатаму ќе биде во функција.

Сите делници од постојната канализација кои минуваат под постојните или новопредвидените објекти се стават надвор од функција.

Минималниот профил на постојната и новопланираната канализација усвоен е од ∅ 250 мм до ∅ 300 мм, што е усогласен со прописите од ЈП Водовод и канализација – Скопје.

Количини на отпадни и фекални води

За одведување на капацитетот на мрежата прифатен е нормативот да само 80 % од искористената вода од населението во локалитетот се одведува во канализациониот систем. Останатите 20 % од искористените води нема да се испуштаат во фекалната канализација (миење на улици, поливање на зелени површини и др.). Исто така, се планира да количините на фекалните води во мрежата се зголемат и од инфилтрацијата на подземната вода за 25 %. Овие количини на отпадни води се зголемуваат за 1,50 пати во деновите на максималната оптоварувачка. Часовиот максимум е за 1,30 пати поголем од деновите на максималната потрошувачка.

Планираниот инфраструктурен систем на отпадните води ке биде димензиониран на овие коефициенти.

Имајки во предвид дека водоснабдителната норма е планирана на 400 л/сек/човек, максималната часова отпадна вода по жител изнесува:

$$qfek = \frac{0.80 \times Nk \times Q_o \times a_1 \times a_2 \times 1.2}{24 \times 60 \times 60}$$

$$qfek = \frac{0.80 \times 4070 \times 400 \times 1.50 \times 1.30 \times 1.2}{86400} = 35{,}13 \text{ л/сек}$$

$qfek =$ 0,8 x 4070 x 400= 130440/1000=1302,40 m3/ден

Канализационата мрежа се состои од арм. бетонски канализциони цевки со ∅ 250, ∅ 300 и ∅ 600 и арм. бетонски ревизиони шахти.

Атмосферска канализација

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Планираната атмосферска канализација е усогласена со нивелационото решение на уличната мрежа.

Количини на атмосферски води

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, интензитетот на дождот и отечниот коефициент.

$$Q_{atm} = F \cdot q_i \cdot \Psi(l/\sec) = 81{,}32 \text{ x } 110 \text{ x } 0{,}5 = 4472{,}57 \text{ л/сек}$$

F – вкупна сливна површина (ха) 81,32 ха

q_i – специфичен истек (110)

Ψ - просечен коефициент на истекување (0.4)

Целиот систем е пресметан според рационалниот метод, земајки го како критериум времетраењето на врнежите, односно времетраењето кое е равно на соодветното време на концентрацијата на врнежите.

На основа припадните сливни површини,интензитетот на истекување према наведениот образец, изнајдени се количините на вода а во согласност со падот на каналот извршено е димензионирање на каналската мрежа. Димензиите на мрежата се ∅ 300 мм и ∅ 400 мм.

4.1.6.3. Електро-енергетика и телекомуникациски инсталации

Во рамките на планскиот опфат евидентирани се 26 среднонапонски трафостаници, како и разградета мрежа воздушни и подземни среднонапонски електроенергетски водови.

Со планот постојните трафостаници се вклопуваат во планското решение, а дополнително се планираат 9 нови трафостаници, со што вкупниот број на трафостаници во опфатот е 35.

Подземните среднонапонски електроенергетски водови генерално се задржуваат и вклопуваат во планското решение, а за воздушните планирана е дислокација и нивно водење како подземни водови вон регулацијата, односно во профилите на планираните улици.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН.

На основа добиените графички прилози и останати потребни параметри пристапено е кон изготвување на планиран развој на електро-енергетски објекти и мрежи и телефонска мрежа за **Детален урбанистички план за Градска Четврт 5 од ГУП Кочани, Општина Кочани**, плански период 2018-2023 со површина на зафат од 81,32 ха.

Основни содржини во просторот се:

- домување
- јавни институции
- зеленило и рекреација
- сообраќајници и сообраќајни површини;

За горе наведените содржини пристапуваме кон анализа на потребни едновремени снаги.

Анализа на снаги

Домување

Електричната мрежа и потребата од едновремена ел.снага за новопредвидените објекти се димензионира према следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

$$Pen = Pen' + Pen''$$

$$Pen' = fn' \times Pe' \times n \qquad fn' = f\sim' + \frac{1-f\sim'}{\sqrt{n}}$$

$$Pen'' = fn'' \times Pe'' \times n \qquad fn'' = f\sim'' + \frac{1-f\sim''}{\sqrt{n}}$$

Pen - вкупна едновремена ел. снага за домување

Pen' - едновремена ел. снага за "n" станови

Pen" - едновремена сл. снага за "n" станови за затоплување
Pe' - едновремена ел. снага за просечен стан Pe = 13 kW
Pe" - едновремена ел. снага за просечен стан за затоплување Pe"=2,5 kW
f~' и f~" - фактор на едновременост, за бесконечен број на станови (f~'=0,15;f~"=0,9) n - број на станови (**1194**)
fn' i fn" - коефициент на едновременост за "н" станови

$$fn = f\infty + \frac{1-f\infty}{\sqrt{n}} = 0{,}185 + \frac{1-0{,}185}{\sqrt{1194}} = 0{,}202$$

Потребна едновремена снага:

ΣPen = Pen x *n* x *fn* = 13 x 1194 x 0,202 = 3135 kW

Едновремената ел. снага за домување изнесува:

Pen = 3135 kW

Останати функции

Едновремената снага се определува према нивната нето површина според следните критериуми:

- за јавни институции 0.06 kW/m2
- за угостителство, туризам 0.14 kW/m2
- за трговија 0.05 kW/m2
- сообраќајници и зеленило 100,00 kW/m2
- Едновремената ел. Снага за останатите функции изнесува:

Јавни институции.....	10638*0,8 m2 *0,06kW/m2	=	511 kW
Сообраќајни површини и зеленило.....	12,00 ha	=	100 kW
	Вкупно:		611 kW

Едновремената ел. снага за останати функции изнесува:

Pen = 611 kW

Вкупно потребна едновремена снага за **Детален урбанистички план за Градска Четврт 5 од ГУП Кочани, Општина Кочани** изнесува **3746 kW.**

Бројот на трафостаници се одредува за ТС опрема со енергетски маслен трансформатор од 630 kVA.

$$\eta_{tr} = \frac{\Sigma Pen}{Str \times \eta} = \frac{3746}{630 \times 0.75} = 7{,}92$$

Во планскиот опфат, евидентирани се четири (4) постојни и новопланирани трафостаници 10/0,4 кВ во сопствени парцели. Се задржуваат трафостаниците кои опстојуваат во склоп на постојните објекти. Точната снага и точната локација на новопредвидените трафостаници во локалитетот ќе се определи во понатамошната постапка на изготување на техничка документација, односно со изработка на Архитектонско-Урбанистички проекти, како и идејни и основни проекти за електричната инфраструктура.

Постојната електрична мрежа не може да ги прифати новопредвидените потрошувачи, па заради тоа потребно е да се изработи ИДЕЕН И ОСНОВЕН ПРОЕКТ за нова среднонапонска и нисконапонска електрична мрежа

Улично осветлување

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа"В-2", споредни, локални
- класа "В", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

"В-2" (С)

- сјаност на коловозот Lm=1-1,5 cd/m2
- средна погонска осветленост Esr=15-25 Lx
- просечна рамномерност jr=40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување еднореден

"В" - паркинг простори

- средна погонска осветленост Eyg = 10-20 Eh
- просечна рамномерност jr = 25 %
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)
- светлосен извор VTFE - 250 W
- начин на поставување двореден (еднореден)

Телекомуникациска мрежа

Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот: станбена единица – телефон, а за јавните содржини се определува према нивната големина (површина), функција, број на вработени и сл., а за трговско деловни објекти за секој локал по два телефонски приклучока, или на секои 100m² по два телефонски приклучока.

Точниот број на фиксни телефонски приклучоци ќе се определи во зависност од барањата на Инвеститорите и развојните програми на правните субјекти кои управуваат со телекомуникациските инфраструктурни води.

Постојната телекомуникациска инфраструктура се задржува, а воедно долж сите новопланирани сообраќајници во внатрешноста на опфатот се планирани траси за поставување на подземни телекомуникациски водови.

4.1.4. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Деталниот урбанистичкиот план, односно за изготвување на извод од урбанистички план.

1. Општите услови и графичките прилози се составен дел на Планот и имаат правно дејности само врз градителска активност која ќе уследи по стапување во сила на измената и дополната на Деталниот урбанистички план.
2. Објектите кои се изградени се евидентирани на ажурирани геодетски подлоги во Документационата основа на планот, се третираат како постојна состојба.
3. Општите услови се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат, а посебните услови се однесуваат на урбан блок и градежна парцела поединечно.
4. Надградби и доградби на постојните објекти може да се реализираат само по добиено мислење од компетентна институција дека постојниот односно

реконструираниот конструктивен систем на објектот може да издржи таква надградба.

5. Во табеларниот приказ што е составен дел на посебните услови за изградба,прикажани се сите градежни парцели групирани во урбан блок и дефинирани со:
    - број на градежна парцела;
    - површина на градежна парцела (м²)
    - површина за градење (м²)
    - процент на изграденост (%);
    - вкупна површина по катови (м²)
    - коефициент на искористеност (К);
    - намена на земјиштето и градбите;
    - мах. висина на градбата (м');
    - мах. број на катови;
    - потребен број на паркинг места.

Сите овие одредби се одредени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

6. Со планот се одредени следните услови:
    - облик и големина на градежна парцела (м²);
    - градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;
    - површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м²);
    - процент на изграденост (%);
    - вкупна површина по катови (м²);
    - коефициент на искористеност (к);
    - намена на објектот;
    - мах.висина на објектот од нулта кота на заштитниот тротоар-мах.висина
    - на венец (м');
    - мах.број на катови;
    - врста на кров;
    - насоки за архитектонско обликување;
    - паркирање-гаражирање на возилата.
7. Паркирање – гаражирање на моторни возила да се реши во рамките на парцелите.
8. Можност за реализирање на заедничко подземно и надземно паркирање за две или повеќе парцели преку заедничка пристапна комуникација, заради обезбедување на потребниот број на паркинг места, по добиена согласност од сопствениците на градежното земјиште кое е опфатено со предметните градежни парцели.
9. Архитектонското обликување на објектите зависи од намената и функцијата. За компонирање на фасадите максимално да се почитува индивидуалноста на сопственикот и креативнста на архитектот.
10. Во градежните парцели во кои се планираат повеќе објекти, габаритите на објектите, ќе се дефинираат со изработка на архитектонско-урбанистички проекти по претходно дефинирана проектна програма а во границите на планираната површина за градба.
11. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.

12. Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се одобруваат пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонска пластика.
13. Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:

-првиот скалник од влезните партии до 30 см ако ширината на тротоарот е поголема од 2,00 см,

-првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см ако широчината на тротоарот е поголема од 2,00 м,

-второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец за уличен коридор широк до 8,5 м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50 м длабочина. Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60 м над котата на тротоарот,

-третостепена пластика во која спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см.

14. Кога површините за градење од страната на градежната парцела се на растојание од 3 м и помало не се дозволени пречекорувања на градежната линија со прво и второ степена пластика.
15. Минималното растојание на второстепената пластика од соседот при калканско спојување на соседните градби треба да изнесува најмалку 10% од должината на уличната фасада на објектот, но не помалку од изведеното конзолно или еркерно пречекорување. Забраната за испуштање елементи од второстепена пластика во зоната на калканско поврзување на објектите не се однесува на објекти кои се градат на повеќе здружени парцели ниту пак за оние за кои постои согласност помеѓу соседите.
16. Максимална височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела. Доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува од висинската кота на тротоарот во средината на страната на градбата долж падот на теренот.
17. Бруто развиената површина за градба е презентирана без површината од можни конзоли,еркери и сл.
18. Процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика ќе се дефинира во согласност со архитектонското обликување на објектите. Истиот не може да надмине повеќе од 70% од површината на фасадата.
19. Висината на венецот дадена на графичкиот прилог и табелите за нумерички показатели е максимална. Максималната висина на објектите изразена во должни метри се определува од нивото на нивелетата на тротоарот односно сообраќајницата или пристапната патека до завршниот венец на објектот.
20. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

21. Котата на нулта точка е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување.
22. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот. Дозволено е формирање на два типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:

- коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35о
- Мансарден покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 60о
- Рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5о. Во дозволената силуета е дозволено скалесто повлекување од страна на лицето на парцелата и оформување потпокрив, кој кон дното на парцелата е со вертикален ѕид во рамнина со фасадата. Аголот на скалестото повлекување може да изнесува најмногу 60 ^{o}. Рамниот покрив може да претставува корисен простор за оформување на кровни градини и други содржини во функција на градбата или станбените единици лоцирани во потпокривот. На рамниот покрив не се дозволува поставување на архитектонско декоративни елементи со кои се обѕидува или оформува затворен корисен простор.

Максималниот агол на кровната конструкција се пресметува од завршниот венец на градбата во однос на вертикалната рамнина на фасадниот ѕид.

23. Максималната висина на слеме во однос на висината на завршниот венец на градбата изнесува 4,50 м.
24. Во рамките на дозволената височина на слемето и силуетата на покривот може да се уреди потпокривен корисен простор кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по спратовите на градбата, при што во истиот можат да се предвидат и галериски простори, чија површина за градба не влегува во бруто развиената површина.
25. Градежните парцели во рамките на планскиот опфат може да се оградат, а типот и висината на оградата ќе се определи според намената на објекотот и другите барања за заштита. Просторите наменети за парковско зеленило не се препорачува да се оградуваат.
26. Одредување на процентуалната застапеност на зеленило во рамките на градежните парцели, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18) да изнесува 20% зеленило на секоја градежна парцела.
27. Површините наменети во ДУП за движење на пешаци, секаде каде е тоа можно според конфигурацијата на теренот да бидат континуирани, без скали и со подолжен наклон од 8,33 %, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.
28. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормално одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.
29. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.
30. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ќе се определуваат согласно проекти од Градот и општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

31. Доколку при реализацијата на планираната изградба дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р. Македонија треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство ("Сл. весник на РМ" бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14 и 44/14 и 199/14, 104/15,154/15, 192/15 и 39/16)
32. Содржината во текстуалниот и графичкиот дел од овој план преставува солидна основа за издавање на Извод од урбанистички план.

При примена на планските решенија на **Детален урбанистички план за Градска Четврт 5 од ГУП Кочани, Општина Кочани** за плански период од 2018-2023 год. за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.1.5. Општи насоки за заштита на културното наследство

Режим на заштита

Режимот на заштита, како однос на општеството кон културното наследство, ги регулира условите и начинот под кои се остварува заштитата, уредувањето и користењето на наследството.

Според Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторските основи за културното наследство, режимот на заштита се обработува за добрата опфатени со валоризацијата, ревалоризацијата и категоризацијата.

Режимот на заштита се определува според видот и категоријата односно заштитниот статус на добрата, како и според потребите и можностите на заедницата.

Режимот на заштита се определува за заштитеното подрачје во целина, без оглед на големината на самото добро и неговите контактни зони.

Определувањето на режимот на заштита се состои во разработка на режимот на заштита утврден со актот за заштита. Во случајот со културното наследство во границите на опфатот на овие Заштитно-конзерваторски основи, актите за заштита не содржат никаков режим на заштита, поради што истиот во основите се разработува со предлози.

Разработката на режимот на заштита се состои од утврдување на:

1. Општи насоки за заштита;
2. Зони на заштита;
3. Степени на заштита.

1. Општи насоки за заштита на културното наследство

Општите насоки за заштита, според Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторските основи за културното наследство, се разработуваат во основите за просторните планови, а се однесуваат на активности што имаат за цел: да се подобри состојбата на спомeничкото наследство во подрачјето на опфатот; да се обезбеди рамка за заштита на спомeничкото наследство; да се интегрираат и балансирано да се дисперзираат можностите за развој меѓу различни делови на подрачјето на опфатот, со почитување и одржување на интегритетот на спомeничкото наследство; да се идентификуваат приоритетните локации каде што

интегрираната заштита може целосно да се примени; да се дефинира заштитата на археолошките наоѓалишта при преземањето на инфраструктурни и слични инвестициони зафати; да се креира план за управување со заштитените подрачја.

Заради остварување на основните цели на заштитата на културното наследство во подрачјето на опфат на ГУП на град Кочани 2013-2023, сметама дека и овие Заштитно-конзерваторски основи треба да содржат општи насоки за заштита.

Основни цели на заштитата на културното наследство се: зачувување на културното наследство во изворна состојба; создавање на што поповолни услови за опстанок на културното наследство; ширење на сознанијата за вредноста и значењето на културното наследство; оспособување на културното наследство за задоволување на културните, научните, едукативните, естетските, верските, економските, туристичките и други потреби на граѓаните и општеството.

Оперативна цел на заштитата на културното наследство е преземање на активности за спречување на дејствија, појави и влијанија со кои се врши или може да настане оштетување, уништување, растурање, исчезнување, деградирање и противправно присвојување на културното наследство.

Крајна цел на заштитата е пренесување на културното наследство на идните генерации, како трајна потврда на историскиот континуитет.

Културното наследство се третира како економско добро, во преден план е потенцирано неговото балансирано користење во следните главни насоки: туризам, домување, специфични занимања и едукација.

Општи насоки за заштита на културното наследство во опфатот на ГУП на град Кочани 2013-2023 се следните:

- императив во идното планирање и повеќестепено оформување на обликот на градот треба да биде хармонијата на старите и новите елементи и одделни објекти, што ќе го одредува квалитетот на просторната композиција на локално ниво и целиот град;
- третман на недвижното културното наследство со цел обезбедување плански услови за негова заштита, остварување на неговата културна функција, просторна интеграција и активно користење и вклучување во современите текови на животот како фактор на одржлив општествен развој;
- планирањето на развојот на споменичките структури во границите на нивното природно и урбано опкружување, во зависност од степенот на концентрацијата, нивните конкретни повеќезначајни општествени, урбани, архитектонски и други особености, како и од нивото и темпото на економскиот и урбан развој на градот, преку надминувањето на противречностите помеѓу интересите на заштитата на културно-историските вредности во културното наследство и развојот на современите градски потреби;
- вклучување на културното наследство во современиот живот преку поврзување на создадените елементи кои припаѓале на единствен систем во разни епохи, без притоа да се запира развојот;
- органска поврзаност на културното наследство со централниот и поширокиот градски простор;
- зачувување и поврзување на просторно изолираните споменици;
- прикажување на вредностите на спомениците не само во вид на изделени историски секвенци, туку како интегрирачки фактори преку кои се остварува единството на градот како жива творба и специфичен цивилизациски феномен;
- оформување на заштитните зони со воведување посебен третман во разместувањето на новите објекти;

- надминување на противречностите и конфликтите помеѓу интересите на заштитата на културно-историските вредности и развојот на современите градски потреби, со нагласен респект кон историските вредности;
- многу внимателен пристап при планирањето на просторот од аспект на заштитата на археолошките наоѓалишта односно земање предвид на нивното постоење, дури и кога не може однапред да се знае нивната точна местоположба, затоа што за дел од нив досега е определен видот и хронолошката рамка, социјалната структура, архитектурата и културните слоеви, но во најголем број случаи досега само е извршено рекогносцирање кое покажало постоење на археолошки наоѓалишта, без други подетални сознанија;
- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработка на планови од пониско ниво, заради обезбедување на плански услови за негова заштита, остварување на неговата културна функција, просторна интеграција и активно користење за соодветна намена;
- изменување и дополнување на постарите планови од пониско ниво заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

2. Зони на заштита

Во едно Заштитено подрачје може да има повеќе зони на заштита: Зона на строга односно посебна заштита, Зона на ограничена заштита (гарантирана заштита) и Зона без дејство на заштита.

Во границите на подрачјето на опфат на овие Заштитно-конзерваторски основи, во предложените Заштитени подрачја има зони на ограничена заштита (гарантирана заштита).

Зоните на заштита се дефинирани на следниот начин:

Зона на ограничена заштита (гарантирана заштита) - се определува за дел од Заштитеното подрачје на кое се наоѓа еден или повеќе споменици, споменичка целина или културен предел од категоријата - значајно културно наследство, добро под привремена заштита или контактна зона.

Во сите заштитени подрачја Контактните зони се зони на ограничена заштита (гарантирана заштита).

Во графичкиот прилог: Лист 8 – План на споменици на културата, прикажани се зоните на заштита на сите добра, по Заштитени подрачја.

ГРАДСКА ЧЕТВРГ 4 (ГЧ 4)

Заштитено подрачје – **Соколана**

- Споменик "Соколана" во Кочани
  - Зона на ограничена заштита (гарантирана заштита)

ГРАДСКА ЧЕТВРГ 5 (ГЧ 5)

Заштитено подрачје – **Саат кула**

- Споменик "Саат кула" во Кочани
- Зона на ограничена заштита (гарантирана заштита)

3. Степени на заштита

Во зоните на заштита се применуваат режими на заштита од различен степен.

Режимот на заштита се поврзува со зоните на заштита и содржи стандард на дозволени интервенции односно дејствија што можат да се преземаат врз заштитените добра и во нивната блиска околина, изразен како:

1. Режим на заштита од прв степен;

2. Режим на заштита од втор степен;

3. Режим на заштита од трет степен.

Во **зоните на строга односно посебна заштита се применува режим на заштита од прв степен, во зоните на ограничена заштита (гарантирана заштита) се применува режим на заштита од втор степен и во контактните зони** се применува **режим на заштита од трет степен**.

За културното наследство во подрачјето на опфат на овие Заштитно-конзерваторски основи, определени се зони на ограничена заштита (гарантирана заштита), за кој се применува режим на заштита од втор степен. .

